## Вклучување на нови точки и одлуки во дневниот ред

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за свикување на Собранието до 16:00 часот, да предложат дополнување на предложениот дневен ред со барање за вклучување нови точки или одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Предлагањето точки/одлуки по дневниот ред се врши со писмено известување доставено на адреса на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје на адреса ул. Никола Кљусев број 1, Скопје или по електронски пат на е-маил: sekretarijat@capitalbank.com.mk.

Предлогот се доставува во писмена/скенирана форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер(и) правно лице.

Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Копија од важечка лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Последна тековна состојба од Централниот Регистар во оригинал не постара од седум дена
- Копија од важечка лична карта или пасош на законскиот застапник